Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18,16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање втора јавна анкета и јавна презентација на УПВНМ за КП.1480, КП 1481 дел од КП 1483/1, КП 1483/2, КП 1483/4, КП 1483/5, КП 1483/6, КП 1483/7, КП 1483/13, КО Гр.Балдовци, Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира втора јавна анкета и јавна презентација на урбанистички план за вон населено место за КП 1480, КП 1481 дел од КП 1483/1, КП 1483/2, КП 1483/4, КП 1483/5, КП 1483/6, КП 1483/7, КП 1483/13, КО Гр.Балдовци, Општина Струмица, со површина 44709м$^2$.

**Член 2**

Одлуката за организирање на втора јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Втората јавна анкета ќе трае од 25.12.2020 год. до 31.12.2020 год.,а јавната презентација ќе се одржи на ден 25.12.2020 година во 11:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 4**

Урбанистичкиот план за КП.1480, КП 1481 дел од КП 1483/1, КП 1483/2, КП 1483/4, КП 1483/5, КП 1483/6, КП 1483/7, КП 1483/13, КО Гр.Балдовци, Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-7455/2
21.12.2020 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски